**ЗАПИСНИК**
**од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 21.12.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“, го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 9-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.12.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.12.2023 година.
3. Предлог-годишен план за вршење програмски надзор за 2024 година.
4. Предлог-годишен план за вршење административен надзор за 2024 година.
5. Предлог-програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година (со Предлог-програма на планирани активности и Предлог-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година).
6. Предлог-стратешки план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги 2024-2028.
7. Предлог-годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.
8. Предлог-годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 9-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.12.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.12.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 3, 4 и 5**

Г-дин Петрушевски предложи, Предлог-годишниот план за вршење програмски надзор за 2024 година, Предлог-годишниот план за вршење административен надзор за 2024 година и Предлог-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година (со Предлог-програма на планирани активности и Предлог-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година) да се образложат во еден заеднички вовед, а гласањето да биде за секоја точка посебно.

Г-дин Трајчевски објасни дека Нацрт верзиите на годишните планови за програмски и административен надзор и Нацрт-програма за работа на Агенцијата сите за 2024 година, Советот ги усвои на седницата одржана на 10 ноември. Истиот ден е отворена јавна расправа за сите три Нацрт документи за да можат сите заинтересирани страни да доставaт свои предлози и забелешки. Во однос на Годишниот план за програмски надзор не беше доставена ниту една забелешка и текстот што сега е предложен како предлог е идентичен со оној што Советот го усвои во нацрт-верзија. Овој план ги опфаќа сите редовни програмски надзори што во 2024 година ќе ги спроведе Агенцијата. Во однос на Годишниот план за административен надзор објасни дека забелешка достави само Телевизија Коха од Тетово, но оваа забелешка не може да се прифати од причина дека тоа што го бара радиодифузерот, наместо три пати годишно на сопствената програма податоците да ги објавуваат само еднаш годишно, се потребни измени на Законот за медиуми а не измени на Годишниот план за административен надзор на Агенцијата. Во текот на јавната расправа не беа доставени забелешки за Програмата за работа. Измени во однос на Нацрт-верзијата се направени само во однос на периодот кога треба да се реализира активноста за обновување на ИСО сертификатот 9001:2015, односно наместо септември-ноември, како период за реализација на оваа активност сега е ставен март-август. Измена е направена и во Финансискиот план, за кои рече дека дополнително ќе ја дообјасни. Во Програмата за работа се утврдени целите кои Агенцијата планира да ги исполни наредната година, како и конкретните активности што таа ќе ги преземе заради нивно исполнување. Како позначајни активности во 2024 година ги посочи процесот на изготвување на сите документи и подзаконски акти што се предвидени со последните измени на ЗААВМУ и мониторингот на медиумското покривање на претседателските и парламентарните избори. Со Предлог-финансискиот план за 2024-ра година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, вкупните приходи и расходи се планираат да

изнесуваат 163.546.961,00 денари. Предлогот е за 620.000,00 денари повисок во однос на Нацрт-финансиски план кој изнесуваше 162.926.961,00 денари. Измени се направени на расходната страна во Финансискиот план, при што се предвидени средства за систематски прегледи на вработените во Агенцијата во износ од 500.000,00 денари и зголемен е износот на средства наменети за ресертификација на системот за управување со квалитет ИСО (9001:2015) за 120.000,00 денари. Со прераспределба зголемени се средствата за набавка на ИКТ опрема од 5.300.000,00 денари на износ од 5.640.000,00 денари. На приходната страна за 620.000 зголемен е износот на средства од минати години и сега изнесува 37.546.961,00 денари. Објасни дека сите останати ставки во Финансискиот план се исти во споредба со нацрт верзијата и Предложениот-Предлог Финансискиот план за 2024-та година е во повисок износ од усвоениот Финансиски план за 2023 година кој изнесуваше 149.830.505,00 денари.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Годишниот план за вршење програмски надзор во 2024 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Годишниот план за вршење административен надзор во 2024 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно ја одобри Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година (со Програма на планирани активности и Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година), со текст како што беше предложена.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Програма за работа да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-стратешкиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги 2024-2028. Објасни дека овој Стратешки план се изработи за да се утврдат приоритетите и целите кон кои Агенцијата ќе го насочи своето работење во следните пет години. Наведе дека Агенцијата според Законот нема обврска да носи Стратегија, затоа што таа обврска и не постои. Советот има усвоено Стратегија 2019-2023 каде што имаше акциски план за спроведување на Стратегијата и предвидени активности кои што требаше да ги преземат и други институции, но бидејќи веќе не постои државна стратегија, Агенцијата не може да им нареди на другите државни институции и доколку не сакаат можат да не ја спроведат Стратегијата на АВМУ. Од таа причина овој пат се изработи Стратешки план со активности само на Агенцијата. Организирани се повеќе состаноци, разговори и јавни дебати со релевантните чинители од медиумската сфера, процесот се одвиваше транспарентно,

сите чинители се запознаени, верзијата е доставен до сите субјекти и до членовите на Советот. Утврдени се два вида на цели: организациски и регулаторни. Организациските цели се насочени кон зголемување на ефикасноста и ефективноста на работењето на Агенцијата, и тие се однесуваат на понатамошно зајакнување на стручноста и знаењата на вработените, унапредување на работните процеси, унапредување на внатрешната организација на Агенцијата и унапредување на соработката со медиумските регулатори од други земји. Регулаторите цели се насочени кон подобрување на одредени аспекти на медиумската индустрија. Станува збор за: унапредување на медиумската регулатива, засилување на слободата на изразување и медиумскиот плурализам, зголемување на конкурентноста и одржливоста на медиумскиот пазар, понатамошен развој на медиумската писменост и поттикнување на социјалната инклузија, јакнење на саморегулацијата и корегулацијата, зајакнување на заштитата на малолетната публика и транспарентност на медиумската сопственост. При утврдување на стратешките цели се користеа сознанијата од анализи, студии и извештаи на Агенцијата, како и релевантните анализи и истражувања на други субјекти, а невладините организации што работат во областа на медиумите и медиумите беа и консултирани и при изработката на Стратешкиот план. Со оглед на тоа што ИПА проектот за усогласување на законодавството не се реализира во целост, по завршување на изборниот процес ќе има и измена на еден Закон кој што е во парламентот и не се знае каков изглед ќе има финалната верзија. Објасни дека доколку се усвојат овие соодветни законски регулативи и овој предложен Стратешки план ќе претрпи соодветни измени.

Г-дин Петрушевски објасни дека го прочитал Предлог-стратешкиот план и рече дека документот е квалитетно изработен и тоа што му се допаднало е дека целите кои се наведени се конкретни и јасни. Наведе дека документот е краток што е добро и се препорачува за ваков вид на документи да биде 30-40 страни, секој збор да биде издржан, и сето тоа е применето во предложениот документ. Тој исто така содржи и информација дека претходната стратегија е речиси целосно реализирана. Се изјасни дека оваа стратегија за следните 5 години целосно ќе ја поддржи.

Г-дин Фидανоски рече дека се согласува со насловот на документот односно дека „Стратешки план" во овој момент е по прикладен од „Стратегија". Информира дека во текот на подготовката имал разговори со стручната служба и практично заеднички се согласиле дека е подобар овој наслов. Како што кажал и г-дин Трајчевски, Агенцијата нема обврска да изготвува Стратегии, но Агенцијата ги прави затоа што е професионално определена да си ја врши работата. Како што претходно рече, смета дека е подобро во насловот да стои „Стратешки план", а за „Стратегија" ќе се зборува во оној момент кога и институциите во државата ќе се одважат да направат една национална медиумска стратегија која што треба да ги определи барем правците на среден рок, затоа што на долг рок не може да стане збор заради цивилизацискиот напредок што многу бргу се пресликува и во медиумската сфера. За него документот е многу добро подготвен, ги мапира состојбите, но и идните предизвици во медиумската област погледнато од регулаторен аспект. Примарно е ставен фокусот на новите зголемени ингеренции што ги има регулаторот со законските измени а се резултат на имплементацијата на ревидираната аудиовизуелната директива и на други документи кои што се во подготовка на европско ниво и кои што треба да се усвојат. Практично со овој стратешки план Агенцијата ги опфаќаат и тие кои што во иднина би требало да бидат дел од нашиот законодавен систем поврзан со медиумите. Регулаторот има нови зголемени ингеренции со овие законски измени, додадени обврски но и предизвици за

држење чекор со времето на цивилизацискиот напредок како на пример вештачката интелигенција. Се надева дека државата ќе се одважи, ќе покаже подготвеност и мотивираност час поскоро да изготви Национална стратегија за медиумската сфера. До тогаш Агенцијата како регулатор ќе си го заврши својот дел од работата а подготвена е доколку имаат потреба како регулатор стручно да даде помош во изготвувањето на таа стратегија за да ги има сите елементи што треба да ги содржи една успешна национална стратегија. Визијата и мисијата во овој документ убаво е срочена а две регулаторни цели кој што според него се исклучително значајни се зајакнување на капацитетот на АВМУ и унапредувањето на медиумската регулатива која ќе обезбеди предуслови за спроведување на сите останати цели што се запишани во овој стратешки план. Верува дека унапредувањето на оваа медиумска регулатива ќе оди со едно добро темпо и најави дека ќе даде поддршка за планот.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои на Стратешкиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 2024-2028, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Стратешки план да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлог-годишниот план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година. Објасни дека согласно Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси за 2021 -2025 година донесен од државната комисија за спречување на корупција, Агенцијата започнувајќи од 2021 година почнува да носи Годишни планови за спречување на корупција. Овој предложен план содржи збир на мерки, активности, надлежни организациони единици односно назначено лице, рок за реализација, индикатори за исполнување, финансиски импликации за реализација на активностите се со цел имплементација на мерките. Сите овие наводи се содржани во акцискиот план кој е составен дел на Годишниот план. Планот е конципиран на начин што се мапирани некои делови подложни на корупција како јавните набавки, имплементирање на буџет и спроведување на постапките, постапување по пријави на укажувачи, постапки за пристап на информации од јавен карактер, планирање и управување со финансии, кадровска политика, професионално и етичко однесување на вработените, спроведување на надзор. Исто така во овој годишен план содржано е и резиме од спроведените активности и мерки кои што ги презела Агенцијата за да се спроведат во 2023 година.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да го донесе Годишниот план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за 2024 година да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

Точка 8

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлог-годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година. Објасни дека почнувајќи од 2022 година Агенцијата носи ваков годишен план. Предложениот план содржи преглед на реализирани активности и спроведени мерки на Агенцијата со цел реализирање на акцискиот план содржан во годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година. Доколку се направи увид во овие активности ќе се констатира дека сите активности што беа предвидени во планот за 2023 година се реализирани што значи дека Агенцијата постапила односно ги спровела сите тие активности. Во планот се идентификувани сите области кои што можат да бидат подложни на корупција во рамките на делокругот на работење на Агенцијата и како такви се наведени 5 приоритетни области каде најчесто постои ризика за појава на корупција – индивидуален и институционален интегритет, квалитет на работа во Агенцијата, постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи, јавни набавки и судир на интереси при спроведување надзор. Преку акцискиот план за 2024 година кој е составен дел на овој план се дава преглед на ризикот, активностите, мерките, носителите односно надлежните организациони единици, рокот за реализирање, финансиските импликации, проценка на ризикот, за реализација на активностите.

Советот на Агенцијата еднogласно даде одобрение директорот на Агенцијата да го донесе Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за 2024 година да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-4655/8

26.12 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**